**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански** суд Скопје
**Основен Кривичен суд Скопје**
**ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4,** Скопје
**02 3111 533 izvrsitel.vesna.delovska@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр.139/2025**

Извршителот Весна Деловска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Шпаркасе Банка АД Скопје со ЕДБ 4030993261735 и седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, засновано на извршната исправа - Нотарски акт – Договор за регистриран залог врз подвижен предмет (со својство на извршна исправа) ОДУ 834/22 од 20.9.2022 на Нотар Дарко Стојкоски, против **заложен должник Друштво за производство трговија и услуги БЛОКАРА ОРАШЕЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со ЕДБ 4030990227870, со ЕМБС 4149963 и седиште на ул.18 бр.12 Радишани**, за спроведување на извршување заради реализација на заложно право на ден 20.08.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПОВТОРЕНА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА** **втора повторена** продажба со усно јавно наддавање на следните заложени подвижни предмети сопственост на заложниот должник Друштво за производство трговија и услуги БЛОКАРА ОРАШЕЦ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и тоа:

**1.Вид на машина: Диспанзер за гориво (пумпа за гориво) со осум пиштоли; Производител/добавувач: DRESER-Германија; Тип/модел набавувач: Global Star LHR C44-44; S/N: 3-152528-001; Година на производство/Година на набавка 2006; количина 1, се попишува со налепница број 1591,** со вредност од **3.448 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање;

**2.Вид на машина: Диспанзер за течен плин (пумпа за течен плин) со два пиштоли; Производител/добавувач: DRESER-Германија; Тип/модел набавувач: Global Star LPG; S/N: 2-110037-001; Година на производство/Година на набавка 2006; количина 1, се попишува со налепница број 1592;** со вредност од **2.390 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање;

**3.Вид на машина: Резервоар четириделен; Производител/добавувач: Димче Бањарот Прилеп; Тип/модел набавувач: со двоен плашт и 4 комори-60м3; S/N: /; Година на производство /Година на набавка 2006; количина 1, се попишува со налепница број 1593;** со вредност од **8.446 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање;

**4.Вид на машина: Подстаница за ТНГ: Резервоар од 10м3, Пумпа за гориво со електромотор, Прирабници цевки; Производител/добавувач: Димче Бањарот Прилеп; Тип/модел набавувач: резервоар со дупли плашт 10м3 Пумпа со ел. мотор VALIADIS – K13ZM-4; S/N; 5426 2806202; Година на производство/Година на набавка 2006; количина 1 се попишува со налепница број 1594;** со вредност од **14.309 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање;

**5.Вид на машина: Настрешница; Производител/добавувач: DIS-Internacional – Куманово, Тип/модел набавувач: челична конструкција со сендвиш панели 15x15м2; S/N: /; Година на производство/Година на набавка 2006; количина 1, се попишува со налепница број 1595;** со вредност од **15.300 Евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, која вредност преставува почетна цена за второто повторено усно јавно наддавање;

Предметите се оптоварени со следните товари: залог во корист на доверителот како и записник за попис и процена на подвижни предмети врз основа на чл.103, 104 и 105 од ЗИ И.бр.138/2025 од 06.04.2026 година на извршител Весна Деловска Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **15.09.2026 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Весна Деловска Скопје на ул.Антоние Грубишиќ бр.2/1-4.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 ( една десетина) од утврдената вредност на подвижниот предмет.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметка на извршителот со бр.250001002663794 која се води кај Шпаркасе банка Македонија АД Скопје и даночен број MK5080010500763, со назнака гаранција за И.бр.139/2025, најдоцна до 14.09.2026 година. **Доказ за извршена уплата на име гаранција е Извод од посебната сметка на Извршителот**.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова македонија и на веб страницата на Комората на извршители на РСМ.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување. Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат со претходна најава кај извршителот.Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Деловска**

Д.-на: -доверител
-заложен должник
-архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд во рок од три дена од денот на приемот на заклучокот,согласно одредбите од член 86 од Законот за извршување.